20202923955

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 декември 2020 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 277/19), во делот V.3. ИМУНИЗАЦИЈА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО ПОСЕБНИ УЛОВИ И ПРИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ, по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Со прогласувањето на глобална пандемија од инфекција со новиот Корона вирус од страна на Советот за итни состојби на Светската Здравствена Организација за состојба од јавно здравствена итност од меѓународно значење (PHEIC – Public Health Emergency of International Concern) согласно Меѓународниот Здравствен Правилник (МЗП), и со утврдување на постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-COV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението од страна на Владата на Република Северна Македонија, се наметна потребата од набавка на ефективни вакцини против заразната болест COVID-19. “

Во делот „VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА, во ставот 1 износот „395.000.000,00“ се заменува со износот „487.900.000,00“.

Во ставот 3, износот „394.810.000,00“ се заменува со износот „418.178.000,00“, и се додава нова реченица која гласи:

„Дополнително обезбедните средства во висина од 23.178.000,00 денари се наменети за исплата на фактури за вакцини наменети за задолжителна имунизација.“

По став 3, се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Ефективни вакцини против COVID-19 се итно потребни за да се заштити населението и да се рестартираат економиите. Министерството за здравство со потпишување на договорот за набавка на вакцините, односно со моделот на Обврзувачка набавка (Committed Purchase), ќе набави одредена количина на вакцини на начин што ќе изврши авансна уплата на дел од вкупните трошоци за набавка и потоа кога вакцината ќе биде достапна ќе ја плати и добие целата побарана количина. Преку COVAX Facility, нашата земја ќе набави 833.000 дози на вакцини за да се покрие 20% од нашето население.

Од предвидените средства ќе се изврши авансно плаќање во висина од 69.722.000,00 денари на вакцините против КОВИД-19, кои ќе се обезбедат согласно глобалната набавка на вакцини за COVID-19, преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.“

Ставовите 4,5,6,7,8,9,10,11 и 12 стануваат ставови 6,7,8,9,10,11, 12, 13 и 14.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11084/1 | Претседател на Владата |
| 7 декември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |